D-20.10.69

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИСТ[ИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 10 октомври 1969
Скопје
Број 35 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**294.**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на изградбата и реконструкцијата на патот Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен — Битола — југословенско-грчка граница, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, во согласност со Одлуката на Собранието на општината — Гостивар бр. 909 од 3. III. 1969 година и Одлуката на Собранието на општината Кичево бр. 02-774-1 од 3. Ш. 1969 година, изврши изменување на Одлуката за финансирање на изградбата и реконструкцијата на делницата Гостивар — Кичево од патот Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен — Битола — југословенско-грчка граница („Службен весник на СРМ" бр. 9/69), така што пречистениот текст гласи:

### ОДЛУКА
### ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ДЕЛНИЦАТА ГОСТИВАР — КИЧЕВО ОД ПАТОТ СКОПЈЕ — ТЕТОВО — ГОСТИВАР — КИЧЕВО — ОХРИД — РЕСЕН — БИТОЛА — ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКА ГРАНИЦА

I. Вкупната вредност на работите за изградба и реконструкција на делницата Гостивар — Кичево, на патот Скопје — Тетово — Гостивар — Кичево — Охрид — Ресен — Битола — југословенско-грчката граница изнесува 111,4 милиони динари.

Во износот од претходниот став не се содржани трошоците за експропријација на земјиштето и објектите на патот од оваа делница.

II. Средствата од претходната точка се обезбедуваат од следните извори:

1. кредит од Стопанската банка — Скопје во износ од 66,8 милиони динари, и

2. кредит од Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 44,6 милиони динари.

Средствата за трошоците за експропријација на земјиштето и објектите на патот ги обезбедуваат општините Гостивар и Кичево, секоја за своето подрачје, во висина најмногу до 12% од вредноста на патот, пресметана врз база на просечната цена по еден километар пат што се гради според Програмата за модернизација и реконструкција на патната мрежа во СРМ во периодот од 1966 — 1970 година со учество на Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 40/67).

Ш. Кредитите од претходната точка ќе се отплатуваат од средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството.

IV. Со цел да се користи кредитот од Меѓународната банка за обнова и развој, Социјалистичка Република Македонија ќе заклучи со Социјалистичка Федеративна Република Југославија договор за кредит за изградба на патот Гостивар — Кичево во согласност со одредбите на Договорот за кредит заклучен помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој од 5 јуни 1969 година.

Договорот за кредит ќе се заклучи на износ кој е еквивалентен на износот од 3,570.000 долари со резерва на модификација на наведениот износ според одредбите на Договорот за кредит.

Се овластува републичкиот секретар за финансии во името на Социјалистичка Република Македонија да го заклучи со Социјалистичка Федеративна Република Југославија овој договор за заем.

V. Републичкиот секретар за финансии ќе го склучи договорот за кредит со Стопанската банка — Скопје со рок на враќање од 15 години со каматна стопа до 5%.

VI. Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3105
9 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**295.**

Врз основа на член 144 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со Уставниот амандман VI точка 3, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 8. X. 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ АМАНДМАН VI ТОЧКА 3

I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука, до изменувањата и дополнувањата на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собрание), се уредуваат:

— постапката за претресување на закони и други акти од особен интерес за работните луѓе односно за општините што ги претставуваат соборите што не учествуваат во нивното донесување;

— постапката за донесување на републичкиот општествен план, републичкиот буџет и завршната сметка за извршување на републичкиот буџет и начинот на учество на одделните собори на работните заедници односно на Соборот на општините во нивното претресување.

II

ПРЕТРЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ И ДРУГИ АКТИ ВО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СОБОРИ

2. Секој собор, во текот на претресувањето на закон или друг акт во чие донесување, според одредбите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и на Деловникот на Собранието за делокругот на соборите, тој не учествува (заинтере-

сиран собор), може на надлежните собори да им предлага изменување или дополнување на тој закон или на друг акт, ако со него се уредува прашање од особен интерес за работните луѓе од соодветната област на трудот односно за општините.

3. За да се обезбеди претресување на законите и другите акти од претходната точка во заинтересираните собори, претседателот на Собранието ги доставува предлозите за донесување на закони, нацртите на закони и предлозите на закони или на другите акти едновремено на претседателите на сите собори на Собранието.

Кон предлогот за донесување на закон, нацртот на закон и предлогот на закон односно на друг акт на претседателите на соборите им се доставуваат и извештаите, мислењата, предлозите и амандманите на телата на Собранието и на неговите собори, на Извршниот совет и на пратениците како и другите материјали што се однесуваат на законот или на другиот акт.

4. Претседателот на заинтересираниот собор ќе го внесе во предлогот на дневниот ред за седница на соборот предлогот за донесување на закон, нацртот на закон или предлогот на закон односно на друг акт:

— ако смета дека со него се уредува и прашање од особен интерес за работните луѓе односно за општините;

— кога тоа ќе го предложи одбор односно друго тело на соборот или член на соборот, чиј предлог го поддржуваат најмалку десет други пратеници на соборот;

— кога тоа ќе го предложи Претседателството на Собранието.

5. Заинтересираниот собор со заклучок утврдува дали прашањата што се уредуваат со предлогот за донесување на закон односно со предлогот на друг акт се од особен интерес за работните луѓе односно за општините што тој ги претстатува. Ваков заклучок соборот може да донесе и по нацрт на закон односно по предлог на закон, ако тоа не го сторил по предлогот за донесување на закон.

Со заклучокот на соборот од претходниот став, претседателот на соборот веднаш ги запознава претседателите на надлежните собори.

6. Ако заинтересираниот собор заклучи дека прашањето што е ставено на дневен ред на седницата претставува прашање од особен интерес, соборот пристапува кон претресување на тоа прашање.

По завршениот претрес заинтересираниот собор може на надлежните собори да им предложи изменување или дополнување на предлогот за донесување на закон, на нацртот на закон односно на предлогот на закон или на друг акт.

Во предлогот на заинтересираниот собор се приведуваат и причините поради кои се предлага измената односно дополнувањето на соодветниот акт.

Заинтересираниот собор може да определи и свои претставници кои на седниците на надлежните собори усно ќе го образложат предлогот на заинтересираниот собор.

7. Надлежните собори се должни предлогот на заинтересираниот собор за измена или дополнување на предлог за донесување на закон односно на нацрт на закон или на нацрт на друг акт да го разгледаат и по него да заземат став.

Ако надлежниот собор не го усвои предлогот на заинтересираниот собор за изменување или дополнување на предлогот за донесување на закон односно на нацрт на закон или на друг акт, за својот став ќе го извести заинтересираниот собор и ќе му ги изложи причините поради кои предлогот не го усвоил.

8. Ако заинтересираниот собор им поднесе на надлежните собори предлог за изменување или дополнување на предлог на закон или на предлог на друг акт, тој истовремено ќе определи три члена на соборот кои на седниците на надлежните собори можат и усно да го образложат предлогот на заинтересираниот собор.

Во случај некој од надлежните собори да не го усвои предлогот на заинтересираниот собор, членовите на заинтересираниот собор определени според претходниот став од оваа точка, ќе го претставуваат заинтересираниот собор во заедничката комисија за усогласување на ставовите (точка 10).

9. Надлежните собори се должни да го разгледаат предлогот за изменување односно за дополнување на предлогот на закон односно на предлог на друг акт што го поднел заинтересираниот собор и по него да заземат став.

На истата седница на која го разгледувал предлогот на заинтересираниот собор, секој од надлежните собори ќе определи по три члена на својот собор, кои ќе ги претставуваат надлежните собори во заедничката комисија за евентуално усогласување на ставовите на соборите.

Ако надлежниот собор не го усвои предлогот на заинтересираниот собор за изменување или дополнување на предлогот на закон или на предлог на друг акт, за тоа и за причините поради кои не го усвоил предлогот ќе го извести заинтересираниот собор.

10. Заедничката комисија за усогласување на ставовите се образува од определен број членови — претставници на заинтересираниот собор (точка 8) и на двата надлежни собора (точка 9), кога двата или само еден од надлежните собори не ќе го усвојат предлогот на зинтересираниот собор за изменување односно за дополнување на предлогот на закон или на предлогот на друг акт.

Заедничката комисија на заинтересираниот собор и на надлежните собори им поднесува свој извештај со предлог за решавање на спорното прашање.

До колку заедничката комисија не утврди предлог за решавање на спорното прашање, на соборите ќе им поднесе само извештај.

11. Пред претресувањето во надлежните собори, заинтересираниот собор ги разгледува причините поради кои надлежните собори не го усвоиле неговиот предлог и го претресува извештајот на заедничката комисија, па за својот став по нив ги известува надлежните собори.

12. Надлежните собори го разгледуваат ставот на заинтересираниот собор и го претресуваат извештајот на заедничката комисија и откако по нив ќе заземат свој став, донесуваат конечна одлука за спорното прашање.

13. Надлежните собори и заинтересираниот собор можат спогодбено да одлучат на заедничка седница да го разгледаат спорното прашање.

14. Одредбите на оваа одлука се применуваат за донесување на закони како по редовна, така и по скратена и по итна постапка.

Роковите за извршување на одделни работи во оваа постапка ги определуваат надлежните собори, при што се должни да водат сметка тие да му овозможат на заинтересираниот собор да ги оствари своите права утврдени со оваа одлука.

III.

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ ОПШТЕСТВЕН ПЛАН, РЕПУБЛИЧКИ БУЏЕТ И ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ

15. Во претресувањето на републичкиот општествен план, републичкиот буџет и завршната сметка за извршување на републичкиот буџет учествуваат сите собори на Собранието.

Во однос на републичкиот општествен план заинтересирани собори со определени права во одлучувањето се: Соборот на општините, Просветно-културниот собор и Социјално-здравствениот собор.

Во однос на републичкиот буџет и на завршната сметка за извршување на републичкиот буџет заинтересирани собори со определени права во одлучувањето се: Стопанскиот собор, Просветно-културниот собор и Социјално-здравствениот собор.

Сите нацрти и предлози на акти од став 1 на оваа точка, заедно со материјалите што се однесуваат на нив, претседателот на Собранието им ги доставува на претседателите на сите собори на Собранието, кои им ги доставуваат на сите членови на Соборот.

16. Собранието утврдува насоки за изработка на републичкиот општествен план и на републичкиот буџет врз основа на елементи за планот односно за буџетот (проекции) што на Собранието му ги поднесува Извршниот совет.

17. Пред претресувањето во надлежните собори, проекцијата на републичкиот општествен план и проекцијата на републичкиот буџет ги претресуваат заинтересираните собори од точка 15 од оваа одлука.

Заинтересираните собори можат на надлежните собори да им поднесат предлози во однос на утврдувањето на насоките. Во предлогот на заинтересираниот собор мора да бидат наведени и причините поради кои се предлага измената или дополнувањето.

Надлежните собори ги претресуваат проекциите и предлозите на заинтересираните собори за изменување или дополнување на проекцијата, заземаат по нив свој став и утврдуваат насоки за изработка на нацрт на републичкиот општествен план односно на нацрт на републичкиот буџет.

18. Ако надлежните собори не го усвојат предлогот на заинтересираниот собор за изменување или дополнување на проекцијата на републичкиот општествен план или на проекцијата на републичкиот буџет, за тоа ќе го известат заинтересираниот собор и ќе ги наведат причините поради кои не го усвоиле неговиот предлог.

19. Во согласност со насоките што ќе ги утврдат надлежните собори, Извршниот совет утврдува нацрт на републичкиот општествен план односно нацрт на републичкиот буџет и ги поднесува на Собранието.

При утврдувањето на насоките за изработка на републичкиот општествен план односно на републичкиот буџет, надлежните собори можат да одлучат Извршниот совет непосредно да пристапи кон утврдување на предлог на републичкиот општествен план односно на предлог на републичкиот буџет и наместо нацрт на Собранието да му поднесе предлог на овие акти.

20. Во согласност со усвоениот нацрт на републичкиот општествен план односно на републичкиот буџет или — ако така одлучат надлежните собори — врз основа на утврдените насоки. Извршниот совет утврдува предлог на републичкиот општествен план односно на републичкиот буџет и му ги поднесува на Собранието.

21. Ако заинтересираниот собор предложи изменување или дополнување на предлогот на републичкиот општествен план, а неговиот предлог се однесува на утврдување на основните пропорции на расподелбата на општествениот производ или на утврдување на основните односи меѓу одделни гранки и области, или на прашање од особен интерес за работните луѓе односно за општините што заинтересираниот собор ги претставува, Републичкиот собор и Стопанскиот собор ќе го претресат предлогот на заинтересираниот собор и ќе одлучат по него според постапката утврдена со одредбите на оваа одлука за претресување на предлог на закон со кој се уредуваат и прашања од особен интерес за работните луѓе односно за општините што ги претставува заинтересираниот собор (точка 8 до 13).

22. Ако предлогот на заинтересираниот собор за изменување или дополнување на предлогот на републичкиот општествен план се однесува на определување на материјалната основа и политиката на развојот во областа од делокругот на заинтересираниот собор, а во рамките на основните пропорции на распределбата на општествениот производ односно во рамките на основните односи меѓу одделните гранки и области, а меѓу надлежните собори и заинтересираниот собор не се постигне согласност за спорното прашање ни по два претреса едноподруго во соборите, соборите образуваат заедничка комисија составена од по три члена на секој собор, на која ѝ се доверува составување на предлог за решавање на спорното прашање.

Ако во заедничката комисија не се постигне согласност или ако надлежните собори односно заинтересираниот собор не го усвојат текстот што го предложила комисијата, спорното прашање се изнесува на заедничка седница на тие собори.

Ако ни на заедничка седница на надлежните собори со заинтересираниот собор не се постигне согласност меѓу надлежните собори и заинтересираниот собор во однос на предлогот на заинтересираниот собор, надлежните собори одлучуваат за предлогот на заинтересираниот собор со мнозинство на гласови на сите членови на секој од надлежните собори.

23. Ако заинтересираниот собор предложи измена или дополнување на предлогот на републичкиот буџет, а предлогот се однесува на утврдување на глобалната распределба на вкупниот износ на предвидените приходи и на нивниот распоред од одделни области на општествениот живот, како и на прашање од особен интерес за работните луѓе што ги претставува заинтересираниот собор, Републичкиот собор и Соборот на општините ќе го претресат предлогот на заинтересираниот собор и ќе одлучат по него според постапката утврдена со одредбите на оваа одлука за претресување на предлог на закон со кој се уредуваат и прашања од особен интерес за работните луѓе што ги претставува тој собор (точка 8 до 13).

24. Ако предлогот на заинтересираниот собор за изменување или дополнување на предлогот на републичкиот буџет се однесува на утврдување на распределбата на буџетските средства во областа од делокругот на заинтересираниот собор, а во рамките на глобалната распределба на вкупниот износ на предвидените приходи, а меѓу надлежните собори и заинтересираниот собор не се постигне согласност за спорното прашање ни по два претреса едноподруго во соборите, соборите образуваат заедничка комисија составена од по три члена на секој собор, на која ѝ се доверува составувањето на предлог за решавање на спорното прашање.

Ако во заедничката комисија не се постигне согласност или ако надлежните собори односно заинтересираниот собор не го усвојат текстот што го предложила комисијата, спорното прашање се изнесува на заедничка седница на тие собори.

Ако ни на заедничката седница на надлежните собори со заинтересираниот собор не се постигне согласност меѓу надлежните собори и заинтересираниот собор во однос на предлогот на заинтересираниот собор, надлежните собори одлучуваат за предлогот на заинтересираниот собор со мнозинство на гласови на сите членови на секој од надлежните собори.

25. Законите и другите акти за извршување на републичкиот општествен план и за основите на економската политика на Републиката се донесуваат според одредбите на оваа одлука за донесување на републичкиот општествен план.

Завршната сметка за извршување на републичкиот буџет се донесува сходно со одредбите на оваа одлука за донесување на републичкиот буџет.

IV

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

26. Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите на Деловникот на Собранието и на деловниците на неговите собори, што се во спротивност со одредбите на оваа одлука.

27. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 3099
8 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**296.**

Врз основа на член 3 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на СРМ" бр. 35/67), Извршниот совет во согласност со Претпријатието Рудници за олово и цинк „Злетово Саса" — Пробиштип дадена со Одлуката на Работничкиот совет бр. 03-32071 од 19. XI. 1968 година, донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПАТИШТА ОД II И III РЕД

1. Во точка 1 од Одлуката за определување на јавни патишта од II и III ред („Службен весник на СРМ" бр. 43/65 и 19/66) по точката 517) се додава нова точка која гласи: „518) Истибања — Каменица".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „„Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2041/1
9. IX. 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за начинот на пополнување на работни места со неполно работно време, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 28/69 година, се поткраднаа грешки поради што се дава

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА СО НЕПОЛНО РАБОТНО ВРЕМЕ

Во член 6 по точката 3 треба да стои став 2 кој гласи:

„За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 500 динари ќе се казни и одговорното лице во органот односно организацијата".

Број 3024
26 септември 1969 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При овој суд се води постапка по тужбата на Стојчевска Јосифовска Ника, од Скопје, против тужениот Мирчевски Миланов Илија, со непознато место на живеење, за развод на брак. Вредност на спорот 500 нови динари.

Се повикува тужениот Мирчевски Илија, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да достави точна адреса или да се јави во судот, бидејќи по истекот на овој рок судот ќе му определи привремен старател кој ќе го застапува во бракоразводниот спор, согласно со членот 77 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1001/69 од 16. IX. 1969 година. (61)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Танески Божидар од Прилеп, ул. „Јоска Јордановски" бр. 46, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против Танеска Златија, од с. Железник, сега во неизвесност. Бидејќи тужената е во неизвесност, тоа се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 577/69. (60)

---

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 533, страна 171, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Јосип Броз Тито" — Скопје, Кушевски Војче му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на Основното училиште „Јосип Броз Тито" — Скопје, населба Влае е назначен Чатмов Алексо Милан, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Анѓушева Марица, секретар на работната заедница, сметано од 12. V. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 50/69 од 27. V. 1969 година. (622)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 66, страна 274, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на Градскиот завод за здравствена заштита — Скопје Цветиќ Тодорка, шеф на сметководството ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност.

За нов потписник на Градскиот завод за здравствена заштита — Скопје е назначена Таневска Лидија, која ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува установата, со стариот регистриран потписник и тоа: Видое Стефановски, директор и Угуровски Лазо, пом. директор, сметано од 16. V. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 53 од 12. VI. 1969 година. (736)

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 260, страна 63, книга II е запишано следното: Фирмата на Интернатот при Градежното техничко училиште

„Здравко Цветковски“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 0101/620 од 10. X. 1968 година, на Советот на работната заедница се менува и гласи Ученички дом „Здравко Цветковски“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 118/68 од 30. VI. 1969 година. (739)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 244, страна 1, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Центарот за социјална работа — Тетово Грнчаровски Михо, в. д. директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на спомenатата установа е назначен Видоески Живко, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 13. II. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 15/68 од 23. VI. 1969 година. (740)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 619, страна 583, книга III е запишано следното: Рударски институт Белград со седиште во Земун — Рударски институт во Скопје (единица). Предмет на работењето на единицата е проучување, истражување и решавање на проблеми од областа на рударството, преработка на минерални суровини и јаглен, техничка заштита и сл.; испитување на минерални суровини, продукти на преработката, поради утврдување на својството, квалитетот и физичко-хемиските особини со цел за користење и намена; со проектирање и технолошки процеси од областа на рударството и инвестиционо-техничката документација; на пронаоѓање нови конструкциони решенија на постројки, уреди и машини од областа на рударството и подготвување на документација за изработка на прототипови; на гаранциски и контролни испитувања на технолошки процеси, уреди и опрема, баждарење на инструменти, атестирање на технички средства за заштита и средства за жична заштита и уговарање на работи од областа на Рударскиот институт.

Единицата е основана од работничкиот совет на Рударскиот институт — Белград, со седиште во Земун, со одлуката бр. 1760/1/П/1 од 28. II. 1969 година.

Раководител на единицата е Ристо Грозданов, дипломиран инженер на рударство.

Единицата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Перишиќ Мирко, директор на установата, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 59 од 27. VI. 1969 година. (822)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 620, страна 587, книга III е запишан под назив: Културен и општествен дом „Скопје север“ — Скопје, ул. „Цветан Димов“ бб, населба Чаир. Предмет на работењето на Културниот дом е обавување на сите видови културни и општествени дејности предвидени со програмата на месната заедница „Бутел II“ — Скопје и тоа: целодневен престој на деца, физичка и техничка култура на возрасни и младина, курсеви за оквалификување на безработни, курсеви и предавања од народна одбрана и цивилна заштита, фото и радио клуб на младината, стручни предавања, одржување на зградите, создавање услови за разонода и рекреација на младината (предвидени со програмата на месната заедница).

Културниот дом е основан од Месната заедница „Бутел II“ — Скопје, со одлуката бр. 58 на советот, од одржаната седница на 8. VI. 1969 год.

В.д. управител на Културниот дом е Василка Чукалиева.

Установата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Василка Чукалиева, в.д. управител и Мељеров Димитар, секретар на Месната заедница „Бутел II“ — Скопје, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 79 од 27. VI. 1969 година. (823)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 621, страна 591, книга III е запишано под назив: Основно училиште „Лазо Трповски“ — Скопје, населба „Карпош III“. Предмет на работењето на училиштето е да ги остварува целите на воспитувањето и образованието на младото поколение, а особено да им дава на учениците основи на социјалистичко воспитување и на современо општо образование; да го помага сестраниот развој на учениците; да ги развива работните навики, да ги поттикнува и усовршува личните способности на младото поколение.

Училиштето е основано од Собранието на град Скопје со решението бр. 17954 од 12. VI. 1969 година.

Училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Илија Богоевски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 84 од 16. VII. 1969 година. (824)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 622, страна 595, книга III е запишано под назив: Патентно биро — Скопје, ул. „Партизанска“ бр. 16. Предмет на работењето на бирото е да застапува и да дава стручна помош во користењето на правото и реализација на патенти, право на мостри и право на жигови, да застапува домашни и странски правни и физички лица во сите работи што се однесуваат на нивните права и обврски со патентни примероци и модели и производствени ознаки на стока, во постапка пред надлежните органи.

Бирото е основано од управниот одбор Друштвото на пронаоѓачите и рационализаторите на град Скопје, со одлуката од одржаната седница на 24. IV. 1969 година број 178.

Патентното биро во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Шулевски Александар, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 91 од 31. VII. 1969 година. (825)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 618, страна 579, книга III е запишан под назив: Центар за социјална работа на Општината на град Скопје. Предмет на работењето на Центарот е укажување социјална заштита на деца, младинци и возрасни на кои заштитата им е нужна од социјално-здравствени, воспитно-образовни или други причини; вршење на работи во својство на органот за старателство; вршење на работи како орган на управа за социјална заштита што се дадени во надлежност на општинското собрание — Идадија, Кисела Вода и Кале — Скопје.

Центарот е основан со соединување на центрите за социјална работа на општините: „Идадија“, „Кале“ и „Кисела Вода“ — Скопје, со одлуките на советите на работните заедници и тоа на „Идадија“ бр. 3740 од 23. XII. 1968 година, на „Кисела Вода“ од 23. XII. 1968 година и на „Кале“ бр. 7740 од 26. XII. 1968 година, и согласноста на Собранието на општината Идадија Скопје, бр. 11837 од 27. XII. 1968 година, на Собранието на општината Кисела Вода — Скопје бр. 1010 од 27. XII. 1968 година и на Кале Скопје бр. 06-18962 од 27. XII. 1968 година.

В.д. директор на Центарот за социјална работа — Скопје е Вера Димитрова, дипломиран правник.

Центарот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Аница Божиновска, Милован Шиковски и Томе Трајковски, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 70 од 16. VI. 1969 година. (826)

---

## РЕГИСТАР НА ЗАДРУГИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 22. X. 1968 година, страна 134, реден број 3 е запишано проширувањето на дејноста на Машинско-услужната задруга „Хром“ од Струмица, уште и со вршење на транспорт со основни средства на други лица, т.е. на приватниот и општествениот сектор на територијата на СФРЈ.

Проширувањето на предметот на работењето на задругата е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 01-142/1 од 21. IX. 1968 година, на задружниот совет на истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 454/68. (251)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 67, страна 267, книга I е запишано следното: Дејноста на Земјоделската задруга „Братство“ село Дебреште, согласно со одлуката ур. 0201-2/7 од 7. Ш. 1968 година на задружниот совет и елаборатот за економска оправданост, се проширува и со транспортни услуги на трети лица со сопствени возила.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1176/68 од 9. V. 1969 година. (667)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 26, страна 451, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Извор“ село Долна Бањица — Продавница во село Долна Бањица, Гостивар. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешани стоки.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Извор“ — село Долна Бањица, со решението бр. 0201-44 од 18. IV. 1968 година.

Раководител на продавницата е Исмаил Исмаил.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 441 од 20. V. 1969 година. (741)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 26, страна 451, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Извор“ село Долна Бањица — Продавница во село Симница, Гостивар.

Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешана стока.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга — „Извор“ село Долна Бањица, со одлуката бр. 0201-44 од 18. IV. 1968 г.

Раководител на продавницата е Нуредини Дурмиш.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 465/68 од 30. VI. 1969 год. (742)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 35, страна 377, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Поток“ село Глумово — Самостојна организација на здружен труд — Економија, во атарот на село Сарај, Скопско. Предмет на работењето на економијата е производство на земјоделски производи (житарици, градинарски култури и фураж) на сопствениот земјишен фонд, кооперација со индивидуални производители и вршење на услуги од агротехнички карактер со сопствениот машински парк.

Економијата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Поток“ село Глумово, со решението бр. 481 од 4. IV. 1969 година, од одржаната седница на 15. II. 1969 година.

Раководител на економијата е Гуговски Геро Владимир, дипломиран инженер агроном.

Економијата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат инженер Гуговски Геро Владимир и Белул Меџити Фејзула, шеф на сметководството, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 358 од 20. V. 1969 година. (647)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 7. V. 1969 година, рег. бр. 9/63, книга I е запишана под фирма: Деловна единица за стопанисување со станбени згради — Битола, на Погонот за ремонт и сервис „Ауторемонт“ — Битола, на Претпријатието „Аутомакедонија“ увоз-извоз од Скопје. Предмет на работењето на деловната единица е стопанисување со станбени згради во погонот за ремонт и сервис „Ауторемонт“ — Битола.

Раководител на деловната единица е Спировски Киро Александар.

Деловната единица е основана од „Аутомакедонија“ — Скопје — погон за ремонт и сервис „Ауторемонт“ од Битола, со одлуката од работната заедница од 14. X. 1968 година и потврдата бр. 08-8109 од 24. X. 1968 година, на Трудовата инспекција на Собранието на општината Битола.

Деловната единица ќе ја потпишуваат Спировски Киро Александар, раководител и Атанасовски Л. Методија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 166/69. (562)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. V. 1969 година, рег. бр. 2/64, книга I е запишан под фирма: Склад во Битола, на ул. „Добривоје Радосављевиќ“ бр. 7, на Претпријатието „Агроснабдител“ од Скопје — Филијала во Битола. Предмет на работењето на Складот е промет на големо и мало со: моторни возила, делови, прибор и гуми, земјоделска механизација, справи, електротехнички материјали, железарија и метална стока.

Раководител на складот е Неделковски Неделко.

Складот е основан од Претпријатието „Агроснабдител“ — Скопје — Филијала во Битола, со одлуката од 29. I. 1969 година и решението бр. 08-15/580 од 5. II. 1969 година, на пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Складот ќе го потпишува истото лице што ја потпишува и филијалата во Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 73/69. (562)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. V. 1969 година, рег. бр. 1/69, книга I е запишано под фирма: Бифе во село Бистрица, на

Месната организација на ССРН — Бистрица. Предмет на работењето на бифето е вршење на угостителски услуги.

Раководител на бифето е Спиро Кавалиновски.

Бифето е основано од Месната организација на ССРН — Бистрица, со одлуката од 23. XII. 1963 година и решението Уп. бр. 10-273 од 5. III. 1969 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Бифето ќе го потпишуваат Спиро Кавалиновски и Никола Геровски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 11/69. (563)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. V. 1969 година, рег. бр. 32/55, книга I е запишана под фирма: Продавница број 2 во Будаково, на Земјоделската задруга „Гоце Делчев“ од с. Будаково и Трап. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени артикли, деликатесни производи, производи на база на шеќер и какао, алкохолни и безалкохолни пијалоци, предмети за куќни потреби, железни и метални стоки.

Раководител на продавницата е Талевски Божинов Бранко.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Гоце Делчев“ од с. Будаково и Трап, со одлуката бр. 92 од 12. V. 1969 година, на задружниот совет, и решението бр. 08-1404 од 24. III. 1969 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 205/69. (564)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. V. 1969 година, рег. бр. 14/55, книга I е запишана под фирма: Продавница — самопослуга, на ул. „Довлеџиќ“ бр. 190 — Битола, на Земјоделската задруга „Пролетер“ од село Крклино. Предмет на работењето на продавницата е трговска дејност со колонијални стоки и стоки за куќни потреби.

Раководители на продавницата се Јосифовски Димко, Димитријовски Киро и Митревски Цветко.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Пролетер“ од с. Крклино, со одлуката бр. 83 од 21. IV. 1969 година, на работната заедница, и решението бр. 08-3386/1 од 22. V. 1969 година, на Трудовата инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 161/69. (565)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 14. V. 1969 година, рег. бр. 198/55, книга I е запишана под фирма: Продавница број 6 во Битола, на ул. „Мирче Ацев“ бр. 22, на Лозаро-винарскиот комбинат „Лозар“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е промет со алкохолни и безалкохолни производи.

Раководител на продавницата е Стојковски Никола Александар.

Продавницата е основана од Лозаро-винарскиот комбинат „Лозар“ од Битола, со одлуката бр. 770 од 17. III. 1969 година на работничкиот совет, и решението бр. 10-2528/1 од 13. V. 1969 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола Фи. бр. 189/69. (566)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. V. 1969 година, рег. бр. 1/65, книга I е запишана под фирма: Продавница „Мода“ од Битола, ул. „Ордан Николов“ бр. 26, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е промет со текстилна и трикотажна стока.

Раководител на продавницата е Бабиќ Менка.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 28. XII. 1968 година, и решението бр. 08-15/2523 од 12. V. 1969 година, на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 223/69. 567)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. V. 1969 година, рег. бр. 1/65, книга I е запишана под фирма: Продавница „Црвена земја“ во Битола, ул. „Караорман“ бр. 88, на Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на деликатесни стоки.

Раководител на продавницата е Галовски Васил.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет“ од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 28. XII. 1968 година и решението бр. 10-1963 од 17. IV. 1969 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 224/69. (568)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 7. V. 1969 година, рег. бр. 6/69, книга II е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Борис Кидрич“ бб, на Комбинатот за изработка на облека, веш и чевли „Борац“ од Травник. Предмет на работењето на продавницата е промет со горна и долна облека, кондури, трикотажа, чорапи, кравати, марамчиња, кожна конфекција, галантерија, чадори, постелнина, душеци, јастуци, метража и теписи.

Раководител на продавницата е Бајрам Решид.

Продавницата е основана од Комбинатот „Борац“ од Травник, со одлуката бр. 93/68 од 17. VI. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 07-1370 од 3. III. 1969 година, на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Охрид.

Продавницата ќе ја потпишува Бајрам Решад, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 146/69. (569)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15. V. 1969 година, рег. бр. 9/69, книга II е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Гоце Делчев“ бр. 84, на Трговското угостителско претпријатие „Снежана“ од Ѓорче Петров. Предмет на работењето на продавницата е вршење промет на производи врз база на шеќер и какао, млеко и млечни производи, месо и преработки од месо, прехранбени производи и предмети за куќни потреби, деликатесни производи, преработки од овошје и зеленчук, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тутунски преработки и кибрит.

Раководител на продавницата е Кесковска Крсте Љубица.

Продавницата е основана од Трговското угостителско претпријатие „Снежана“ од „Ѓорче Петров, со одлуката од работничкиот совет од 15. IV. 1969 година и решението бр. 07-380 од 14. V. 1969 година, на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Охрид.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 191/69. (570)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 15. V. 1969 година, рег. бр. 8/69, книга II е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Гоце Делчев“ бр. 24, на Трговското угостителско претпријатие „Снежана“ — Ѓорче Петров. Предмет на работењето на продавницата е вршење на промет со производи на база на шеќер и какао, млеко и млечни производи, месо и преработки од месо, прехранбени артикли и предмети за домашни потреби, деликатесни производи, преработки од овошје и зеленчук, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тутунски преработки и ќибрит.

Раководител на продавницата е Руменовски Благоја.

Продавницата е основана од Трговското угостителско претпријатие „Снежана“ од Ѓорче Петров, со одлуката на работничкиот совет од 15. IV. 1969 година и решението бр. 07-379 од 14. V. 1969 година, на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Охрид.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 192/69. (571)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 22. V. 1969 година, рег. бр. 3/57, книга IV, е запишана под фирма: Продавница во Ресен, на Земјоделската задруга „Кисела Вода“ од Ресен. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешана стока.

Раководител на продавницата е Коневска Елена.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Кисела Вода“ од Ресен, со одлуката на задружниот совет од 25. III. 1968 година и решението бр. 04-2465/1 од 4. IV. 1969 година, на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 206/69. (572)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 29. V. 1969 година, рег. бр. 16/68, книга I е запишана под фирма: Продавница во Струга, ул. „Маршал Тито“ бб, на Производното услужно трговско претпријатие „Народен вез“ од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на машки, женски и детски чевли, влечки и сандали од сопствено и туѓо производство, а како дополнување на асортиманот средства за чистење и чување на чевли и ситен производ за чевли и сите видови чорапи.

Раководител на продавницата е Дуноска Весела.

Продавницата е основана од Производното услужно трговско претпријатие „Народен вез“ од Прилеп, со одлуката бр. 103/2 од 19. V. 1969 година на работната заедница, и решението на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 219/69. (573)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 16. V. 1969 година, рег. бр. 74/55, книга III е запишана под фирма: Продавница во село Корошишта, на Трговското претпријатие „Струшка трговија“ — Струга. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало, на сите видови прехранбени, индустриски, земјоделски и други стоки и производи од регистрираната дејност на матичното претпријатие.

Раководител на продавницата е Бекири Джулет.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Струшка трговија“ од Струга, со одлуката бр. 02-397/3 од 23. IV. 1969 година на работничкиот совет, и решението бр. 08-1962/39 од 10. V. 1969 година, на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 190/69. (574)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 7. V. 1969 година, рег. бр. 7/69, книга II е запишана под фирма: Бензинска помпа во Струга, ул. „Пролетерски бригади“ бб, на Трговското претпријатие за промет со нафта и нафтени деривати „Југопетрол“ од Скопје. Предмет на работењето на бензинската помпа е продажба на мало, на нафта и нафтени деривати.

Раководител на бензинската помпа е Чепујковски Павле.

Бензинската помпа е основана од Трговското претпријатие „Југопетрол“ — Скопје со одлуката бр. 828 од 30. I. 1969 година, на работничкиот совет, и решението бр. 08-85/4 од 24. I. 1969 година, на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 177/69. (575)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. V. 1969 година, рег. бр. 10/69, книга II е запишано под фирма: Кафе-ресторан во Струга, кеј „Борис Кидрич“ бб, на Универзалната работна организација „Борец“ од Скопје. Предмет на работењето на кафе-ресторанот е обавување на угостителска дејност — точење и продажба на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци, подготвување и продажба на топли и студени јадења и производи на база на шеќер и какао, продажба на месни и сувомесни производи, конзервирани производи, млечни производи и продажба на тутунови производи и кибрит.

Раководител на бифе-ресторанот е Лотевски Милисав.

Кафе-ресторанот ќе го потпишува истото лиработна организација „Борец“ од Скопје, со одлуката бр. 728 од 29. IV. 1969 година, на работната заедница и решението бр. 08-742/1 од 8. V. 1969 година, на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Кафе-ресторанот ќе го потпишува истото лице што ја потпишува и Универзалната работна организација.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 200/69. (576)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. V. 1969 година, рег. бр. 11/69, книга II е запишана под фирма: Продавница во село Лабуниште на Универзалното претпријатие „Солидарност" од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало, на железарија и метална стока, електрични уреди за домаќинството, санитарно-инсталациони материјали и градежни материјали.

Раководител на продавницата е Петревски Наум.

Продавницата е основана од Универзалното претпријатие „Солидарност" од Скопје, со одлуката бр. 945 од 10. VIII. 1968 година, на работничкиот совет, и решението на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 213/69. (577)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. V. 1969 година, рег. бр. 12/69, книга П е запишана под фирма: Продавница број 2 во Струга, ул. „Елпида Караманди" бр. 2 на Трговското претпријатие „Гросист" од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е обавување на трговска дејност: продажба на мало на електроиндустриска стока и акустика, железарија и метална стока, велосипеди, машини за шиење и прибор, санитарно-инсталациони материјал, стакло, порцелан и керамика.

Раководител на продавницата е Матевски Атанас.

